Арх. знак 05/20
Рок на чување
25.02.2020 год.
Потпис,

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**
**БР.05- 101/3**
**24.02.2020 година**
**СКОПЈЕ**

# ДОГОВОР
## за набавка на услуги

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Факултет за безбедност – Скопје,** при Универзитет "Св.Климент Охридски" – Битола, со седиште на ул. „1" Колонија-Идризово бр.2А Скопје, ЕДБ 4043009100089, ЕМБС 6462910, застапуван од Деканот на Факултетот проф. д-р Никола Дујовски (во понатамошниот текст: ДОГОВОРЕН ОРГАН ) и
2. **Друштво за прозиводство, трговија и услуги СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ( Подружница - ТА Долче Травел )** со седиште ул. Исаија Мажовски бр.26/32, ЕДБ 4044010504190, ЕМБС 6663265, застапувано од Драган Лесиќ (во понатамошниот текст: ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на Угостителски и хотелски услуги за потребите на Факултетот за безбедност – Скопје, која ќе се спроведува на начин опишан во техничката спецификација и прифатената понуда по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр.01381/2020, кои се составен дел на овој договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредност на јавната набавка предмет на овој договор изнесува 600.000,00 денари (без ДДВ) и е поделена на три дела, и тоа:

Дел 1 – хотелско сместување во и надвор од Република Северна Македонија во износ до 400.000,00 денари без ДДВ,

Дел 2 – превоз во и надвор од Република Северна Македонија во износ до 50.000,00 денари (без ДДВ) и

Дел 3 – угостителски услуги во Република Северна Македонија во износ до 150.000,00 денари (без ДДВ).

**РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНА)**

**Член 3**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен услугите (хотелски, превозни и угостителски) да ги извршува сукцесивно согласно потребите на договорниот орган. Услугите ќе се извршуваат на начин што договорниот орган со претходна најава ќе го извести носителот на набавката за количината, периодот и видот на услугата.

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок кој е однапред најавен од страна на договорниот орган, согласно неговите потреби, во времетраење од една година, од денот на склучување на договорот за јавна набавка или до вредносно исполнување на истиот.

## ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 5**

Економскиот оператор, согласно член 2 од овој договор ќе достави оригинална фактура за извршената услуга, зголемена за провизијата согласно понудата и техничката спецификација.

При изготвување на фактурата, Економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Економскиот оператор, место, седиште, даночен број;
-Број и датум на договорот;
-Услугите, дефинирани по елементи како во член 1 и член 2 од договорот;
-Договорена цена согласно понудата и склучениот договор;
-Вкупна цена;
-Пресметка за ДДВ;
-Валута на плаќање

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Начинот на плаќање е вирмански, а договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши до 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на доставување на фактурата за извршената услуга со комплетна придружна документација.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорот е со важност од 1 година, сметано од денот на потпишување на договорот.

## ВИША СИЛА

**Член 8**

Договорниот орган и Економскиот оператор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано во Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 9**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни се согласни да ги решаваат спогодбено, а доколку во тоа не успеат надлежен за нивно решавање ќе биде Основен Граѓански суд Скопје.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 11**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.

Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

**Член 12**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 13**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 14**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 15**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Измени и дополни на договорот можат да се вршат во согласност на договорните страни по писмен пат, само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 17**

Овој договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за договорниот орган и 2 (два) за економскиот оператор.

**Договорен орган**
**Факултет за безбедност – Скопје**
**Декан**
**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

______________________

**Економски оператор**
**ДПТУ Сити Централ Интернационал ДООЕЛ**
**Директор**
**Драган Ђесиќ**

______________________